Оваа година по шести пат се одржа Фестивалот "Денови на Балканска Етно Ризница" кој по многу нешта беше карактеристичен, единствен и уникатен.

На Фестивалот се претставија прекрасните "Челик Бенд" од Куманово со сплет на стари Македонски песни во преработка на нашиот сограѓанин Професор Игор Трајковски, кој во исто време се појави и како автор на уште една несекојдневна преработка на стара изворна Македонска песна "Месечино Царева Девојко" но во класична оперска верзија во исполнение на најдобриот Мецосопран на овие простори прекрасната Александра Коцевска Професор по соло пеење.

Нашето здружение оваа година воспостави соработка со Еврејската Заедница во РС Македонија, а како резултат на таа соработка во рамките на Фестивалот се одржа целовечерен концерт на дуото Александра Коцевска и маестро Глигор Гелебешев, кој за пијано и глас ги направи аранжманите на девет прекрасни Еврејски Сефардски Романски соберени од Г-дин Мориц Романо.

Публиката беше исклучително задоволна и среќна што можеше да присуствува на навистина еден прекрасен Фестивал, кој може да се види во целост на нашиот Ју Тјуб канал.

Фестивалот беше подржан од советот и Градоначалникот на Општина Куманово и беше дел од програмата на културни активности на општината за 2021 година.